**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 3
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Уредување на текст
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да форматира текстови, да се оспособи за манипулација со делови на текст
**Очекувани резултати:** Модифицира тип, големина, стил, боја на букви, како и боја на позадина на букви
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, работа во парови, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира дел од текст

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Се води дискусија за утврдување на досега стекнатите знаења со прашањата:

- Како се вика програмата за работа со текст?
- Што научивме да правиме со оваа програма?

Се отвора датотеката креирана на претходниот час на првиот начин, а потоа на вториот начин.

- Прв начин: се отвора папката во која се наоѓа датотеката со двоен клик.
- Втор начин: се стартува програмата OpenOffice Writer со одбирање на Апликации > Канцелариски > OpenOffice.org 3.1 Writer, па од Датотека > Отвори се бира локацијата на папката и името на датотеката.

Ги потсетувам што е „фонт“. На овој час ќе модифицираме дел од веќе внесен текст (менување фонт, големина на фонтот, стил на фонтот, боја на фонтот и боја на позадина на фонтот).
**Учечко - поучувачки активности:** Сакаме да направиме модификации на дел од текстот. Што треба најпрво да направиме со тој дел од текстот? (да го селектираме текстот, односно да му кажеме на компјутерот кој дел од текстот сакаме да го модифицираме).
Имаме внесено дел од песната „Патувај“.




obrazovanie.literatura.mk

- Голем дел од модификациите ги има на алатникот за форматирање, кој ако не е прикажан, се активира на Приказ – Алатници – Форматирање.
- Сите наредби за форматирање ги има и во дијалог прозорецот кој се наоѓа на Форматирај – Знак... кои се организирани во пет јазичиња.
- Трет начин за доаѓање до наредбите за формат е врз селектираниот текст да се кликне десен клик, со што се добива мени со овие наредби. Во ова мени се наоѓа и командата Знак... која го отвора претходно споменатиот дијалог прозорец се пет јазичиња.

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Учениците работат во парови. Со задавање одредени барања, вежбаат модификации на дел од текстот. На пр. да се извршат овие модификации на насловот:

- да се промени фонтот (на пр. DejaVu Serif);
- да се зголеми или намали големината на фонтот;
- да се промени бојата на фонтот;
- да се промени бојата на позадината на буквите.

На крај од оваа активност документот се зачувува.

**Активности за евалуација:** Дискусија за видови модификации за промена на типот на букви.